ЈАВЕН ПОВИК ЗА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ГРАНТОВИ ЗА ЛОКАЛЕН МОНИТОРИНГ НА КЛИМАТСКОТО ФИНАНСИРАЊЕ ВО ДЕВЕТ ОПШТИНИ

Финансиска поддршка на трети лица во рамки на проектот „Климатски финансии“, финансиран од Европската Унија

УПАТСТВО ЗА АПЛИКАНТИ – Референтна ознака на повикот: **ЦЕА-КФ-МОН-01/2026**

Клучни информации

Давател на грантовите	Центар за економски анализи (ЦЕА), бул. Јане Сандански 63/3, 1000 Скопје
Проект	„Зајакнување на интегритетот во климатското финансирање: Транспарентно и отчетно климатско финансирање за спречување на корупцијата“ (во понатамошниот текст: проектот „Климатски финансии“), Договор бр. 2025/488-600, финансиран од Европската Унија
Активност од проектот	Активност 2.4 - Иницијативи за мониторинг / Рамка за мониторинг од граѓанските организации
Број на грантови	9 – по еден за секоја пилот општина (лот)
Износ по грант	до 244.000 денари по лот (вкупно 2.196.000 денари)
Траење	Прелиминарен датум за потпишување на доделените договори 26.11.2026; мониторинг од 01.01.2027 до 31.12.2027; завршни извештаи до 31.01.2028
Известување	4 квартални мониторинг-извештаи (31.03, 30.06, 30.09 и 31.12.2027) и завршен извештај
Кој може да аплицира	Граѓански организации регистрирани во Република Северна Македонија; предност имаат локални и мали организации
Рок за прашања	13.11.2026 до 16:00 часот по е-пошта: ceaorgmk@gmail.com
Краен рок за апликации	**19.11.2026 (четврток) до 23:59 часот**
Поднесување	Исклучиво по е-пошта на ceaorgmk@gmail.com

1. Вовед

Центар за економски анализи (ЦЕА) е независна, непрофитна истражувачка организација. Од декември 2025 година ЦЕА го спроведува проектот **„Зајакнување на интегритетот во климатското финансирање: Транспарентно и отчетно климатско финансирање за спречување на корупцијата“**, финансиран од Европската Унија преку програмата ЕУ за владеење на правото (IPA 2021) (Договор бр. 2025/488-600).

Општа цел на проектот

Зајакнување на интегритетот, транспарентноста и отчетноста на финансирањето поврзано со климатските промени на локално ниво во Северна Македонија - за намалување на ризиците од неправилности и корупција за подобра распределба на локалните ресурси.

Овој документ е изработен со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на Центарот за економски анализи (ЦЕА) и под никакви околности не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Специфични цели

1. **За општините:** подобра усогласеност на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) со регулативата и институционализирано проактивно објавување на податоци за локалните еколошки и климатски финансии.
2. **Свест и знаење:** поголема свест кај локалната самоуправа, граѓанското општество и јавноста за финансиските и социјалните ризици од неправилности и корупција во областа на животната средина.
3. **Граѓански надзор:** зајакнати капацитети на граѓанските организации и граѓаните – преку техники и дигитални алатки – за следење на општинските финансии и застапување засновано на докази.

Правна рамка на повикот

Повикот и постапката за доделување се спроведуваат во согласност со правилата на Европската Унија за грантови во надворешните активности и со договорот помеѓу Европската Унија и ЦЕА:

- **Практичниот водич за процедури за склучување договори за надворешни активности на ЕУ (PRAG), верзија 2021.1**, вклучително правилата за финансиска поддршка на трети лица;
- **Општите услови (Анекс II) на договорот бр. 2025/488-600**, член 10.5–10.9 (финансиска поддршка на трети лица), член 1.5 (рестриктивни мерки на ЕУ), член 3 (одговорност), член 4 (конфликт на интереси и етика), член 6 (видливост), член 14 (прифатливи трошоци) и член 16 (сметководство, проверки и ревизија), како и **Посебните услови** на договорот;
- **Упатството за апликанти на повикот EuropeAid/183031/DD/ACT/MK** на Делегацијата на ЕУ во Република Северна Македонија, според кое корисници на финансиската поддршка може да бидат **регистрирани граѓански организации во Северна Македонија**.
- **Описот на акцијата (Анекс I)** – Активност 2.4, со грантови за локални граѓански организации.

Повикот се спроведува според начелата на транспарентност, еднаков третман, непристрасност, отсуство на конфликт на интереси и добро финансиско управување.

2. Позадина и цел на повикот

Општините управуваат со сè поголем обем на средства поврзани со климата и животната средина - преку буџетските програми, наменските трансфери и надоместоци, донаторските и кредитните средства, но механизмите за следење на нивното планирање, трошење и резултати не се доволно развиени, а учеството на граѓаните е ограничено. Анализите на проектот (основна оценка, мапирање во деветте пилот општини и анкетите со граѓаните и бизнисите) покажаа дека климатските расходи на локално ниво се речиси невидливи во буџетите и дека недостасува систематско, видливо и проверливо следење низ целиот буџетски циклус.

Затоа ЦЕА изработи **Рамка и методологија за мониторинг на управувањето со климатското финансирање на локално ниво** и **Индекс за управување со климатското финансирање (CFGI),** (достапно тука https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2026/11/0.-conceptualizing_climate_adaptation_so_obrazlozenie_i_vlaidaciski_final-29102026.pdf), валидиран со претставници на пилот општините и група граѓанските организации на 28.10.2026. Методологијата е задолжителна основа за подготовка на апликацијата.

Цел на повикот е да се изберат локални граѓански организации кои, со обука и менторство од ЦЕА, ќе ја применат методологијата во деветте пилот општини, ќе спроведат независен граѓански мониторинг на климатското финансирање во текот на 2027 година, ќе ги објавуваат наодите и ќе ги користат за застапување за поголема транспарентност, отчетност и интегритет на локално ниво.

3. Предмет на грантовите: мониторинг активности

Грантот може да финансира **исклучиво** активности од следната листа, во општината (лотот) за која е склучен договорот:

3.1 Подготвителна фаза

- учество на обуките за граѓанските организации што ги организира ЦЕА;
- воспоставување работна комуникација со општината (контакт-лице во администрацијата, договор за начинот на размена на податоци и документи) и испраќање на барања за податоци;
- мапирање на локалниот контекст: буџетски програми поврзани со животна средина и клима, ЛЕАП / климатска стратегија, тековни климатски проекти и одговорни лица; изготвување на работен план за 2027 година.

3.2 Квартален мониторинг (01.01–31.12.2027)

Мониторингот се спроведува во **четири квартали**, во согласност со буџетскиот календар на општината. Во секој квартал корисникот на грантот:

- собира и прегледува документи и податоци (пример буџет и ребаланси, квартални извештаи за извршување, завршна сметка, стратешки документи, проектни и ревизорски извештаи, записници од Советот, веб-страница на општината) и по потреба поднесува барања за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- спроведува средби и разговори со општинската администрација и другите релевантни чинители;
- ги оценува индикаторите што се ажурираат во тој квартал, со образложение и доказ за секоја оценка, и ги внесува во Excel образецот/е-алатката на ЦЕА;
- подготвува квартален мониторинг-извештај со наоди и препораки.

Квартал	Период / рок за извештај
К1	01.01–31.03.2027 / до 15.04.2027
К2	01.04–30.06.2027 / до 15.07.2027
К3	01.07–30.09.2027 / до 15.10.2027
К4	01.10–31.12.2027 / до 31.01.2028

3.3 Анализа, известување и застапување

- следење на напредокот меѓу кварталите;
- подготовка на краток мониторинг-извештај (наративен и квалитативен за општината) по секоја завршен период, со наоди и препораки;
- застапување пред општината за спроведување на препораките и следење на напредокот меѓу мониторинг периодите;
- придонес кон јавната дигитална семафор-табла, студиите на случај и
- завршните настани на проектот.

Апликантите можат (не е задолжително) да предложат и **социо-економска анализа на конкретен локален климатски проект** или соработка со локалниот бизнис сектор, доколку е во функција на целите на повикот и во рамки на максималниот износ.

Овој документ е изработен со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на Центарот за економски анализи (ЦЕА) и под никакви околности не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

3.4 Очекувани резултати по општина

- спроведени четири периодични мониторинг активности и четири квартални мониторинг-извештаи со пополнети и документирани оценки;
- воспоставена соработка со општината која овозможува континуитет на мониторингот и по завршување на проектот.

3.5 Неприфатливи активности

- активности надвор од општината (лотот) за која е склучен договорот или кои се веќе финансирани од друг извор;
- индивидуални спонзорства, стипендии, градежни работи, набавка на опрема како главна цел, добротворни и профитни активности;
- активности поврзани со политички партии и изборни кампањи; доделување грантови на трети лица.

4. Општини опфатени со мониторингот (лотови)

Мониторингот се спроведува во деветте пилот општини, распоредени во осум плански региони. Секоја општина претставува посебен лот:

Лот	Општина	Плански регион
Лот 1	Делчево	Источен плански регион
Лот 2	Кочани	Источен плански регион
Лот 3	Свети Николе	Вардарски плански регион
Лот 4	Крива Паланка	Североисточен плански регион
Лот 5	Босилово	Југоисточен плански регион
Лот 6	Демир Хисар	Пелагониски плански регион
Лот 7	Боговиње	Полошки плански регион
Лот 8	Струга	Југозападен плански регион
Лот 9	Гази Баба	Скопски плански регион

4.1 Основно правило

Се доделува **по еден под-грант за секоја пилот општина** (вкупно 9). Секој апликант во апликацијата избира **една примарна општина** во која ќе го спроведува мониторингот.

4.2 Предност за локални (grassroots) организации

Повикот е наменет за **локални граѓански организации**. Предност се дава на организации кои се **основани и активни во избраната општина**, а потоа на организации **основани во истиот плански регион** во кој се наоѓа избраната општина, како и на **мали локални организации**. Предноста се применува преку критериумот 4 и 5 од табелата за оценување, според седиштето запишано во Централниот регистар и вкупните приходи од годишната сметка за 2025 година. Се охрабруваат да аплицираат и организации кои работат со млади, жени, етнички заедници, лица со попреченост и жители на руралните средини.

Овој документ е изработен со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на Центарот за економски анализи (ЦЕА) и под никакви околности не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

4.3 Опција за друга општина

За да се обезбеди мониторинг во сите девет општини и во случај за некоја општина да нема квалитетна апликација, апликантот може во апликацијата **јасно да наведе** дали сака да биде разгледан и за **друга пилот општина** (една дополнителна). Оваа опција се користи **само** ако апликантот не биде избран за примарната општина, а за другата општина нема избрана апликација.

4.4 Мониторинг на две општини

Апликантот може да изрази интерес да спроведе мониторинг и во **втора општина, но не повеќе од две**. Втората општина се доделува **само ако за неа нема друга прифатлива апликација** што го достигнала минималниот број бодови. За втората општина се склучува посебен договор со посебен работен план и буџет, до максималниот износ од овој повик.

5. Буџет и износ на грантовите

- Максималниот износ изнесува **244.000 денари по лот** (вкупно расположливи 2.196.000 денари).
- Буџетот се изразува во денари, во пропишаниот образец (Анекс 3), со образложение за секоја ставка. Не се бара кофинансирање.
- Износот на грантот е еднаков на одобрениот буџет. Комисијата може да го намали само за неприфатливи или очигледно неоправдани трошоци, со писмено образложение.
- ДДВ не е прифатлив трошок.

Динамика на исплата

Транша	Износ	Услов за исплата
1. Авансна	50%	По потпишување на договорот, до 01.12.2026.
2. Втора	30%	По одобрување на вториот квартален извештај (до 30.06.2027) и оправдани најмалку 70% од авансот.
3. Завршна	20%	По одобрување на четвртиот квартален и завршниот наративен и финансиски извештај, во рок од 30 дена од приемот на завршната исплата од Европската Унија кон ЦЕА, а најдоцна до 31.12.2028.

ЦЕА го задржува правото да не ги додели сите средства доколку не се примат доволно квалитетни апликации.

6. Подобност на апликантите и барања за ангажираните лица

6.1 Кој може да аплицира

1. Здруженија и фондации, **регистрирани во Централниот регистар на Република Северна Македонија** согласно Законот за здруженија и фондации, со седиште во Република Северна Македонија;
2. организацијата е непрофитна, независна од политички партии и директно одговорна за подготовка и спроведување на грантот (не настапува како посредник);
3. според статутот или досегашната работа, организацијата е активна во областа на животната средина и климата, јавните финансии и буџетите, локалната самоуправа, доброто владеење и антикорупцијата или граѓанското учество;
4. има активна трансакциска сметка;

5. не се наоѓа во ситуациите за исклучување од Изјавата на апликантот (Анекс 4) и не е на листите за рестриктивни мерки на ЕУ (www.sanctionsmap.eu).

Не се подобни: политички партии, јавни институции и ЕЛС, трговски друштва и физички лица. Апликацијата ја поднесува една организација; партнерства не се предвидени, но организацијата може да ангажира надворешни лица, кои се наведуваат во тимот. Секоја организација поднесува само една апликација.

6.2 Тим за мониторинг

За секој лот организацијата задолжително предлага:

- **клучен монитор** – лице кое непосредно ќе го спроведува мониторингот; и
- **лице – замена** – кое ќе го замени клучниот монитор во случај на спреченост, со сличен профил и искуство.

За двете лица се доставуваат кратки биографии (CV) и потпишани изјави за ангажман и достапност (Анекс 5). Предност имаат лица со искуство во анализа на буџети и јавни финансии, мониторинг на локалната власт, животна средина и климатски промени, слободен пристап до информации и застапување, како и со познавање на локалниот контекст. Клучниот монитор и/или замената задолжително учествуваат на обуките на ЦЕА.

7. Временска рамка

Чекор	Датум
Објава на повикот	05.11.2026 (четврток)
Рок за писмени прашања	13.11.2026 до 16:00 часот
Објава на одговорите	16.11.2026
Краен рок за апликации	**19.11.2026 (четврток) до 23:59 часот**
Административна проверка и оценување	20–23.11.2026
Известување за резултатите	24-25.11.2026
Потпишување на договорите	**26.11.2026**
Исплата на авансот (50%)	до 30.11.2026
Мониторинг (4 квартали)	**01.01.2027 – 31.12.2027**
Завршни извештаи (К4 и завршен наративен и финансиски)	до 31.01.2028

8. Како да се аплицира

Апликациите се поднесуваат **исклучиво по електронски пат, на македонски јазик, на ceaorgmk@gmail.com**, до **19.11.2026 (четврток) до 23:59 часот**, со наслов: **„Апликација ЦЕА-КФ-МОН-01/2026 – [назив на организацијата] – Лот [број]“**. Сите документи се испраќаат во една порака (до 20 MB) или преку линк за преземање. ЦЕА испраќа потврда за прием во рок од два работни дена. Апликациите пристигнати по рокот нема да бидат разгледувани. Апликантите ги користат исклучиво пропишаните обрасци, без менување на нивната структура.

Овој документ е изработен со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на Центарот за економски анализи (ЦЕА) и под никакви околности не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

8.1 Задолжителна документација

Бр.	Документ	Формат и забелешка
1	**Анекс 1** – Апликациски формулар	Word/pdf +потпишана последна страница
2	**Анекс 2** – Концепт за разбирање на методологијата	Word или PDF, најмногу 3 страници
3	**Анекс 3** – Буџет	Excel, во денари, без ДДВ
4	**Анекс 4** – Изјава на апликантот	Потпишана од законскиот застапник
5	**Анекс 5** – CV со изјави за ангажман и достапност	Потпишани од лицата
6	Тековна состојба од Централниот регистар	Не постара од 6 месеци; се прифаќа скенирана или електронска
7	Тековна состојба на вистински сопственици на субјект од Централниот регистар	Не постара од 6 месеци; се прифаќа скенирана или електронска
8	Доказ за активна трансакциска сметка	Потврда од банка за активна трансакциска сметка

По избор: статут, писма за поддршка / соработка од општината, линкови или примероци од претходни мониторинг-извештаи и анализи.

8.2 Прашања

Прашањата се доставуваат писмено на ceaorgmk@gmail.com до 13.11.2026 до 16:00 часот, со наслов „Прашања ЦЕА-КФ-МОН-01/2026“. Одговорите на сите прашања, се објавуваат на www.cea.org.mk на 16.11.2026. ЦЕА не дава претходно мислење за подобноста на одделни апликанти.

9. Прифатливи и неприфатливи трошоци

Прифатливи се трошоците кои се неопходни за активностите, разумни и оправдани, настанати во периодот на договорот, предвидени во одобрениот буџет, евидентирани во сметководството на организацијата и поткрепени со соодветни документи (договори, фактури, платни листи, изводи, извештаи).

Категорија (Анекс 3)	Опис и ограничувања
1. Човечки ресурси	Хонорари / плати на клучниот монитор, замената сразмерно на ангажманот. Патните трошоци може, за поедноставување, да се планираат во хонорарите.
2. Патни трошоци	До и во општината што се следи и до обуките и средбите со ЦЕА (ако не се вклучени во хонорарите).
3. Локална канцеларија и административни трошоци	Сметководство, комуникации, канцелариски материјал, банкарски провизии и слично - најмногу 10% од вкупниот буџет.
4. Други трошоци и услуги	настани, дизајн и печатење на извештаи, превод, видливост и промоција или слично исклучиво доколку е поврзано со главната активност.

Неприфатливи трошоци: ДДВ и други давачки; набавка на возила, недвижности и капитални инвестиции; трошоци настанати пред потпишувањето или по завршувањето на договорот; трошоци покриени од друг грант на ЕУ; долгови, камати, казни и пенали; курсни разлики;

придонеси во натура (освен волонтерска работа); бонуси на вработените; плати на вработени во државната и локалната администрација; подароци и забава; кредити и грантови на трети лица; активности поврзани со политички партии и изборни кампањи.

10. Процес на селекција и критериуми за оценување

10.1 Административна проверка

Апликациите кои не ги исполнуваат следниве услови нема да бидат оценувани: доставена во рокот и на пропишаните обрасци; доставени сите задолжителни документи (точка 8.1); апликантот е подобен (точка 6.1) и аплицира за најмногу два лота; бараниот износ не надминува 244.000 денари по лот; за секој лот се предложени клучен монитор и замена со CV задно со потпишани изјави; нема совпаѓање во листите за рестриктивни мерки на ЕУ. ЦЕА може да побара дополнување само на административни документи, без измена на содржината.

10.2 Оценување

Апликациите ги оценува **Комисија за оценување** од три члена – членови на проектниот тим и два надворешни експерти – кои потпишуваат изјава за непристрасност и доверливост. Секој член оценува самостојно, врз основа на стручна проценка во рамките на опсезите; конечниот резултат е просекот од оценките.

Бр.	Критериум	Што се оценува	Бодови
1	Концепт за разбирање на процесот на мониторинг според методологијата	1.1 Разбирање на рамката, индикаторите и скалата (15); 1.2 Практичен пристап кон собирање и верификација на податоците (10); 1.3 Познавање на контекстот на општината (10);	35
2	Капацитет на ангажираните лица	2.1 Клучен монитор – релевантно образование, искуство и познавање на локалниот контекст (15); 2.2 Замена (5)	20
3	Искуство на организацијата	3.1 Релевантни проекти / активности во последните 5 години (15);	15
4	Локална поврзаност и пристап кон чинителите	4.1 Седиште во општината = 10, во истиот плански регион = 5, друго = 3 (објективно, според тековната состојба); 4.2 Претходна соработка со општината и заедницата (5)	15
5	Мала локална организација	Вкупни приходи во 2025 според годишната сметка: до 3.000.000 ден. = 10; 3.000.001–5.000.000 ден. = 5; над 5.000.000 ден. = 0 (објективно)	10
6	Буџет	Реалност, оправданост и соодветност на трошоците во однос на активностите	5
	Вкупно		**100**

Праг: за да биде предложена за финансирање, апликацијата треба да освои **најмалку 60 бода**. При ист број бодови, предност има апликацијата со повеќе бодови на критериумот 1, а потоа на критериумот 4.

10.3 Одлучување

1. За секој лот се избира највисоко рангираната апликација над прагот.
2. За лот без избрана апликација, лотот се нуди на неизбран апликант над прагот кој го навел како друг лот, по редослед на бодовите, со предност за апликант од истиот плански регион.

3. Ако и понатаму нема избрана организација, лотот се нуди на веќе избран апликант кој аплицирал и за втор лот. Ниту една организација не може да добие повеќе од два лота.
4. Ако лотот не може да се покрие, ЦЕА објавува повторен повик за тој лот.

Сите апликанти се известуваат писмено, Договорите се потпишуваат на 26.11.2026; пред потпишувањето ЦЕА врши проверка во листите за рестриктивни мерки на ЕУ.

11. Дополнителни информации и анекси

Центар за економски анализи (ЦЕА), бул. Јане Сандански 63/3, 1000 Скопје, тел. +389 (0)2 24 44 766, е-пошта ceaorgmk@gmail.com, www.cea.org.mk. Лице за контакт: Игор Митевски, igor_sci@yahoo.com.

Анекс 1	Апликациски формулар
Анекс 2	Концепт за разбирање на методологијата
Анекс 3	Буџет (Excel)
Анекс 4	Изјава на апликантот
Анекс 5	Биографии (CV) со изјави за ангажман и достапност